# О Д Л У К А

## За утврдување на услови за упис на трет циклус студии – докторски студии на Факултетот за безбедност-Скопје

1) Со оваа Одлука се утврдуваат условите за упис на трет циклус студии – докторски студии на Факултетот за безбедност-Скопје, во академската 2012/2013 година.
2) На докторските студии може да се запишат кандидати кои завршиле соодветни академски студии од втор циклус, односно постдипломски студии и имаат остварено минимум 300 европски кредити, како и кандидати кои диломирале според студиски програми на постдипломски студии со кои се стекнале со звање магистер.

За соодветни академски студии се сметаат, завршените постдипломски студии од областа на општествените науки.

3) Право на запишување имаат и кандидати кои завршиле академски студии од втор циклус односно дипломирале според студиски програми за постдипломски студии и се стекнале со звање магистер, а не спаѓаат во областа на општествените науки.

3.1.За овие кандидати определени се следните дополнителни услови што треба да ги исполнуваат:

-објавени научни трудови со рецензија од областа на безбедноста;
-учество во научно истражувачки проекти од областа на безбедноста;
-работно искуство во областа на безбедноста од најмалку 4 години.

4) Кандидатите при запишувањето ги поднесуваат следните документи:

-образец за пријаување - пријава за запишување на трет циклус студии-докторски студии;
-писмо за мотивација со назначување на областа на истражување;
-кратка биографија;
-диплома за завршен втор циклу студии или диплома за звање магистер;
-уверение за државјанство:
-доказ за објавени научно истражувачки трудови од областа на безбедноста;
-доказ за учество во научно истражувачки проекти од областа на безбедноста;

Доказ за работно искуство од најмалку 4 години од областа на безбедноста (за кандидатите кои завршиле последипломски студии во областа надвор од општествените науки односно под точка 3.1.)

5) Со кандидатите од несоодветните области ќе биде спороведено интервју од страна на Комисија определна од Советот на докторски студии.

6) Кандидатите кои ќе бидат запишани имаат обврска да уплатат надомест на трошоците за трет циклус студии – докторски студии во висина од од 4.500 евра (за државјани на РМ) или 4.700 евра (за странски државјани), одеднаш или 6 еднакви рати при запишување на семестарот, според средниот курс на НБРМ на денот на уплатата на надоместот.

Надоместот се уплаќа на жиро сметката на Факултетот за безбедност-Скопје.

7) Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето

**СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ**

**Раководител,**
**Ред. проф. д-р Томе Батковски**